# БРОЕВИ

Граматички категории

# Граматички категории

- Со броевите се изразува количество.

# Граматички категории

- Количеството може да биде точно избројано, на пример, два, пет, сто или приближно избројано, на пример, десетина, три-четири.
- Според тоа, се разликуваат броеви за изразување на точно определена бројност и броеви за изразување на приближна бројност.
- Броевите немаат форми за род, освен бројот еден и два, машки род еден, женски род една, среден род едно, множина едни; машки род два, женски и среден род две.

# Граматички категории

- Формата за множина едни, нема вистинско значење на број, зашто множина од еден е секој друг број, на пример, два, пет, десет, сто.
- Оваа форма има значење на заменска форма, на пример, едни луѓе = некои луѓе. Вакво значење развива и еднинската форма еден.
- Броевите може да се јават во определена форма, значи тие ја разликуваат категоријата определеност.

# Поделба на броевите по состав.

Според составот, броевите се делат на прости и сложени.
Прости броеви се броевите од еден до десет, како и бројот сто. Сите други броеви се сложени, на пример, дваесет, сто и педесет, осумнаесет.

- Формите нула, илјада, милион, милијарда, билион, по правило, се вклучуваат во простите броеви, но тие се именки што имаат бројно значење.
- За разлика од другите прости броеви, тие имаат карактеристики на именка, односно имаат род и форми за  еднина и множина.

# Сложените броеви се образуваат на повеќе начини:

- а) Броевите од еден до десет се образуваат со помош на предлогот на кој се наоѓа меѓу единечниот број и десетката, на пример, единаесет, тринаесет, осумнаесет, сп. еден на десет, три на десет;
- б) Броевите од дваесет па натаму се образуваат со сврзникот и, на пример, триесет и девет, триста илјади двесте педесет и осум, осумстотини педесет и два;
- в) Со директно додавање на десетиците и стотиците на единицата, на пример, седумдесет, осумстотини.

- Броевите, како определби на именките, може да се употребуваат со или без членска наставка, на пример, пет денари, петте денари, седумнаесетте денари, сто денари, стоте денари, двестете денари и двестето денари, тристата.
- Кај другите броеви се членува првиот составен дел, на пример четирите стотини денари, осумте стотини денари.

# Одредена бројност за лица

- Во македонскиот јазик, ако станува збор за определена бројност на лица од машки пол или на група во која барем едно од лицата е од машки пол, тогаш се употребуваат и одделни бројни форми. Тие се образуваат така што на основниот број се додаваат суфиксите -ца, -ина и -мина, на пример, двајца, тројца, четворица, петина, петмина, деветмина, осмина и осуммина. Во однос на значењето, не се забележува никаква разлика меѓу три другари и тројца другари.

- Формите од типот тројца покажуваат поголема блискост кон именките, па формите со членска морфема може да се сметаат и за бројни именки, на пример, тројцата, двајцата, четворицата. Кај другите образувања, оваа блискост не е толку изразена, зашто при членувањето се изделува бројот наспрема наставката, на пример, петтемина, осумтемина, стотемина. Во стандардниот јазик уште е присутна двојноста во употребата на простиот број или бројната именка.

# Броеви за изразување приближна бројност

- Броевите што служат за изразување на приближна бројност се образуваат на два начина:
- а) Со поврзување на два последувателни броја, на пример, три-четири, пет-шест, три-четиристотини. Не се обични вакви образувања од сите броеви, на пример, не е вообичаено да се каже еден-два;

- б) Со суфиксот -ина, на пример, дваесетина, стотина, педесетина (околу дваесет, околу сто, околу педесет).
- Во стандардниот јазик често пати се слушаат образувања од типот околу дваесетина што претставува пропуст во однос на стандардот.
- Во овие и слични примери, се повторува признакот за приближна бројност околу, што означува дека станува збор за приближно количество и дваесетина што, исто така, означува дека станува збор за приближно количество. Од броевите што означуваат приближна бројност со -ина, денес, се вообичаени форми со членски наставки.

# Броевите и правописни правила

- Со оглед на честата употреба на броевите во сите аспекти од човековото живеење и дејствување, нормална е потребата од познавање на правилата за нивното правописно пишување. И покрај тоа, секојдневно се среќаваме со различни начини на пишување на броевите, кои често се и многу погрешни. Затоа, овој пат накратко ќе се задржиме на неколку поважни правила во однос на пишувањето на броевите, особено кога станува збор за нивното пишување со цифри, а не со букви.

- Кога се работи за едноцифрените броеви, препорачливо е тие да се пишуваат со букви, а не со цифри, особено во уметничколитературните текстови. Сепак, некогаш е потребно да се заштеди на просторот и на времето, па затоа не е погрешно и нивното означување со цифри: 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9. За пишувањето на овие броеви не постојат некои посебни правила; најважно е да се обрне внимание на тоа дека пред нив никогаш не се пишува нула (освен во некои случаи во математиката, физиката, економијата и сл.).

- Кај двоцифрените броеви, исто така, не постојат некои посебни правила за пишувањето. Тука треба најголемо внимание да се обрне на сложените броеви: кога се напишани со букви, секој збор од бројниот израз се пишува разделено: 23 – дваесет и три, 74 – седумдесет и четири.

- Во однос на правилното пишување, најмногу се греши кај броевите што се составени од три или од повеќе цифри, па затоа ним ќе им посветиме најголемо внимание.

- Кај стотките, 100 – сто, 200 – двесте (не: двеста), 300 – триста (не: тристотини), а понатаму сите стотки ја имаат наставката -стотини: 500 – петстотини (не: петсто), 600 – шестотини (не: шесто) итн.

- Сложените повеќецифрени броеви што се поврзуваат со и се пишуваат разделено (исто како и двоцифрените): 189 – сто осумдесет и девет, 1 266 – илјада двесте шеесет и шест и сл.

- Кај **илјадите** (како и кај милионите, милијардите итн.), во практиката често ќе сретнеме точка: *1.000*; *10.000*; *100.000* и сл. Ваквото означување е погрешно. Според Правописот на македонскиот литературен јазик, илјадите, милионите итн. се одделуваат со празно место: *1 000*; *10 000*; *100 000*. Ова правило не важи кога со бројот се означува година: *2015 година*, а **не: *2 015 година***. Во поново време, се допушта изоставување на празното место и кај сите четирицифрени броеви, односно се допушта: *1000*, *2000*, *3000* итн.

- Погрешно е и означувањето на илјадите со запирка: *1,000*; *10,000*; *100,000*. Во македонскиот јазик, со запирка се означуваат само **децималните броеви**: *3,05*; *24,8* и сл.
- Во однос на тоа дали е препорачливо броевите да се означуваат со цифри или со букви, обично е препорачливо со букви да се означуваат во уметничколитературните текстови, а со цифри во другите видови текстови (административни, научни и сл.). Во неутралните текстови, пак, најдобро е едноцифрените броеви, како и бројните именки како *илјада*, *милион*, *милијарда*, *нула* и сл. да се пишуваат со букви, а другите со цифри. Ако станува збор за поголеми бројни изрази, можни се и двата начина на пишување, па дури и нивна комбинација: *педесет илјади*, *50 000* и *50 илјади*.

- При изговорот, треба да се внимава со *илјада*. Според македонскиот правопис, иако се пишува *лј*, се чита *љј*: *иљјада* (**не: *илјада***). Освен тоа, не треба да се употребува *билион* наместо *милијарда*. Двата назива се однесуваат на истиот број (само потекнуваат од различни бројни системи), а кај нас е прифатен *милијарда*.

- За пишувањето на **датумите** и на **часовите** стана збор во претходните изданија на оваа рубрика, а овде ќе споменеме само дека часовите секогаш се одделуваат со точка, а не со запирка или со две точки (*20.30 ч*.; **не: *20,30 ч.* или *20:30 ч.***), како и тоа дека по бројките што означуваат датум не се пишува точка затоа што се подразбира дека се работи за редни броеви (*15 април*, **не: *15. април***; *2015 година*, **не: *2015. година***).
- Инаку, во сите други случаи, според Правописот, ако **редниот број** се пишува со арапски цифри, зад нив се става точка: *Тој беше борец на 41. дивизија*. Зад римските цифри, пак, не се пишува точка: *Тоа се случи кога бев во VII одделение* (**не: *VII. одделение***). Меѓутоа, зад цифра (арапска или римска) со која се означува глава, оддел и сл. се пишува точка: *7. глава* и *VII. глава*.

- Двете точки како правописен знак, кога станува збор за пишувањето на броевите, се пишуваат само во примерите како: *Резултатот од натпреварот е 2 : 1 за „Вардар“*.
- Помеѓу два броја, наместо предлогот *до*, обично се пишува црта (тире): *Човекот имаше 30 – 35 години*. Ако пред првиот број стои предлогот *од*, тогаш не се пишува црта, туку се пишува предлогот *до*: *Човекот имаше од 30 до 35 години*; а **не: *Човекот имаше од 30 – 35 години*.**

- Цртичка, пак, се пишува кога првиот дел од сложените броеви го пишуваме со цифри, а другиот со букви: *400-годишнина*, *20-годишен* и сл. Исто така, цртичка се пишува и во примерите од типот: *90-тите години од минатиот век* (**не: *90-те години***).
- За крај, ќе ги споменеме и **бројните именки** што се употребуваат за лица од машки пол: *двајца*, *тројца*, *четворица*; а понатаму бројноста се означува со партикулата -мина: *петмина*, *шестмина*, *седуммина* итн. Кога се членуваат, членот се додава на бројот, а не на партикулата: *петтемина* (**не: *петмината***), *седумтемина* (**не: *седуммината***) итн.

# Активности:

- Во текстот:
- 1. а) изделете ги броевите и кажете ги нивните специфичности; б) изделете ги родот, бројот и определеноста на броевите; в) од броеви направете приближна бројност; г) напишете
- ги со зборови броевите: 50, 48, 26, 123, 2356, 13, 256 789, 100 000, 47 990. Потоа, напишете реченици во кои ќе ги употребите овие броеви за
- да изразите точно определена и приближна бројност и додадете им членски наставки.
- ...Два часа пред заминување разбуди еден од момците што спиеше во неговиот шатор и го замоли да му покаже каде живее Фатима. За возврат, момчакот му даде пари за да си купи една овца. Фатима се појави на влезот од шаторот. Двајцата тргнаа на прошетка меѓу палмите. –Те љубам затоа што еден ден сонував, затоа што сретнав еден крал...и затоа што стигнав до еден бунар. Се прегрнаа. Тоа беше првпат да се допрат двете тела...Оазата... Таа веќе нема да биде местото со педесет илјади урмини палми и со триста бунари...Уште два дни патуваа...Првиот знак за опасност се појави. Им се приближија тројца воини и ги прашаа што прават тука тие двајцата...Вториот ден момчакот се искачи на врвот од една карпа...Третиот ден генералот ги собра своите... („Алхемичарот“ – П. Коелјо).